Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

**Првата предлог Стратегија за минерални суровини - дилема помеѓу екстензивно рударство и одржлива економска трансформација**

**Скопје, 04.10.2023 г.-** Првата нацрт верзија на Стратегијата за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини 2025-2045 на разочарување на граѓанскиот сектор, не ги обединува принципите за одржлив развој на земјата од причина што ги истакнува економските придобивки на експлоатација на нашите минерални богатства и во голема мера не ги утврдува негативните еколошки и социо-економски влијанија поврзани со развојот на рударската индустрија.

Министерството за економија во соработка со Македонската Академија на науките и уметностите е во процес на изработка на Стратегијата за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини 2025-2045. На втората работилница посветена на изработката на Стратегијата одржана во МАНУ на 03.10.2023 г., Еко-свест ги презентираше ставовите на граѓанскиот сектор за првата нацрт верзија.

"Нацрт верзијата се заснова на визија што во себе ја вклучува фразата "одржливо искористување и заштита на животната средина", но, во Стратегијата овие аспекти се маргинализирани. Нашиот став е дека токму овие аспекти треба посуштински да бидат опфатени во конкретните цели и активностите на документот. Во оваа насока, Еко-свест достави писмени коментари на нацрт-Стратегијата и истите ги презентираше пред тимот што го изработува документот, како и пред претставниците од засегнатите локални заедници и бизнис заедницата.", изјави Симона Трајковска од Еко-свест.

Една од главните забелешки кон нацрт текстот на Стратегијата беше недоволната усогласеност со глобалните цели за трансформација на општеството во насока на намалување на влијанијата од климатските промени, пред се преку циркуларно искористување на материјалите и суровините. Дополнително, на Стратегијата во сегашната форма и недостасува соодветна корелација со други постојни национални стратегии и закони, и тоа најмногу во идентификувањето на еколошките и социо-економски влијанија настанати од искористувањето и експлоатацијата на минералните суровини.

„Искористувањето на минералните суровини е примарно економска активност, но таа е комплексна бидејќи може негативно да влијае на водите, почвата, воздухот, природата, јавното здравје, при што како дејност може во целост да го промени начинот на живеење на локалното население каде што се врши експлоатација. Слабата примена на законодавството од областа на животната средина резултира со неодржлива експлоатација на минералните суровини и затоа Стратегијата треба да се усогласи со останатите национални стратегии и планови кои предвидуваат меѓу-секторска координација и да се зачуваат овие необновливи минерални богатства.“, нагласи Трајковска на работилницата.

Создавањето на општество и економија која на оптимален начин ги користи природните ресурси во согласност со начелата за заштита на животната средина е сериозен предизвик и подразбира силна меѓу-секторска координација на различни политики. Стратегијата мора да се насочи кон промоција на одржлив развој кој ќе ги зачува природните вредности, ќе ја намали сиромаштијата и ќе понуди алтернативи што нема да го успорат економскиот раст и истовремено нема да ја загрози можноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби. Ова пред се ќе се постигне со воведување процедури за суштинско консултирање со засегнатите страни, како и обезбедување силни механизми за спречување на понатамошни негативни влијанија врз животната средина.

„Стратегијата во финалната форма мора да даде поголем фокус на националните приоритети во овој сектор и помалку да се надоврзува на потребите на ЕУ за снабдување на критични минерали. Ние веќе имаме последици од историската експлоатација на минерални суровини во форма на отворени деградирани земјишта што повеќе децении ја загадуваат нашата околина. Стратегијата треба да вклучи конкретни мерки за ремедијација и пренамена на овие неискористени загадени земјишта во капацитети за производство на енергија од обновливи извори.“, дополни Елена Николовска од Еко-свест.

Еко-свест официјално ги достави своите забелешки по нацрт Стратегијата и очекува нивно прифаќање од страна на изготвувачите.

-----

Контакт:

Симона Трајковска

Програмски координатор за природа, Еко-свест

simona@ekosvest.com.mk

070 206 451

Елена Николовска

Програмски координатор за клима, Еко-свест

elena@ekosvest.com.mk

070 205 431